Народна банка на Република Македонија

# П Р А В И Л Н И К

за формата и содржината на образецот на барањето заради неиздавање дозвола или согласност, односно недонесување решение за одбивање на барањето за издавање дозвола или согласност за вршење услуги брз трансфер на пари

октомври, 2011 година

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010), член 49 став 1 од Статутот на Народната банка на Република Македонија Ст. бр. 02-15/IV-1/2011 од 21.04.2011 година и член 9-а став 2 од Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари („Службен весник на Република Македонија" бр. 77/03, 54/07, 48/10, 67/10, 17/11 и 135/11), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# П Р А В И Л Н И К
# за формата и содржината на образецот на барањето заради неиздавање дозвола или согласност, односно недонесување решение за одбивање на барањето за издавање дозвола или согласност за вршење услуги брз трансфер на пари

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето заради неиздавање дозвола или согласност, односно недонесување решение за одбивање на барањето за издавање дозвола или согласност за вршење услуги брз трансфер на пари, во рокот утврден со член 9 став 1 од Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари.

## Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува до гувернерот на Народната банка на Република Македонија на образецот: „Барање заради неиздавање дозвола или согласност, односно недонесување решение за одбивање на барањето за издавање дозвола или согласност за вршење услуги брз трансфер на пари", во формат А-4 во бела боја, којшто е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице - подносител на барањето, краток опис на причините поради кои се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.8347
28.10.2011 година
Скопје

Гувернер
Димитар Богов

Прилог

До
Архивата на
Народната банка на Република Македонија

Број _________________

датум _______________

Б А Р А Њ Е
заради неиздавање дозвола или согласност, односно недонесување решение за одбивање на барањето за издавање дозвола или согласност за вршење услуги брз трансфер на пари

______________________________________________________________________
(назив на правното лице - подносител на барањето)

______________________________________________________________________
(седиште на правното лице - подносител на барањето)

Краток опис на причините поради кои се поднесува барањето:

Молам, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, во рокот утврден во член 9-а став 4 од Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари („Службен весник на Република Македонија" бр. 77/03, 54/07, 48/10, 67/10, 17/11 и 135/11), да постапи по барањето за издавање дозвола или согласност за вршење услуги брз трансфер на пари, поднесено под број ________________ на __________________ до Народната банка на Република Македонија, чијашто копија се доставува во прилог.

Подносител на барањето